Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) на **28.09.2016 година** спроведе ***ненајавена последователна посета*** на Привремениот транзитен центар „Табановце" – Куманово. Оваа посета беше последна во низата последователни посети што тимот на Националниот превентивен механизам ги спроведе на: 03.06.2016, 08.07.2016, 22.07.2016, 29.07.2016, 10.08.2016 и 18.08.2016 година.

Национален превентивен механизам овие посети ги спроведе во рамките на мандатот и надлежностите, а целта на посетите беше следење на спроведувањето на препораките од Посебниот извештај на Националниот превентивен механизам од 01.06.2016 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Тимот на Националниот превентивен механизам констатира дека во Привремениот транзитен центар „Табановце", на денот на последно извршената посета се сместени вкупно **61 лице, од кои 13 мажи, 12 жени и 36** деца.

Евидентно е дека во однос на посетата од 20.05.2016 година бројката на официјално сместени лица бегалци во овој Привремен транзитен центар е многу помала, што упатува на фактот дека лицата сместени во овој Привремен транзитен центар можат многу полесно да го напуштат иститот, за разлика од Привремениот транзитен центар „Винојуг".

Во однос на степенот на спроведувањето на препораките, НПМ тимот констатираше дека поголем дел од дадените препораки се изреализирани од страна на одговорните органи во Привремениот транзитен центар „Табановце" – Куманово.

Имено, Подобрена е соработката и координацијата меѓу надлежните органи што учествуваат во управувањето и организирањето на Привремениот транзитен центар.

Преземени се конкретни активности за подобрување на ифраструктурата во Привремениот транзитен центар „Табановце" и во таа смисла е извршена замена на сите икеи (куќарки) со контејнери за сместување на бегалците, како и изградба на игралиште за децата.

Бегалците/мигрантите се генерално задоволни од материјалните услови во Центарот и третманот кој го добиваат од страна на надлежните органи и организации присутни на терен.

Се спроведуваат едукативно – образовни активности за децата во Центарот, со програма прифатена и одобрена од Министерството за труд и социјална политика.

Постои пракса еднаш до два пати месечно да се организира прошетка на бегалците во градот Куманово и околината на градот.

Сепак, негативните карактеристики констатирани од тимот на НПМ се дека мигрантите/бегалците јасно го манифестираат незадоволството од повеќемесечното задржување во рамките на ПТЦ „Табановце“, без да имаат конкретни информации за статусот што го уживаат во Република Македонија.